The Institute of Internal Auditors

The Institute of Internal Auditors Macedonia

ЗДРУЖЕНИЕ НА ВНАТРЕШНИ РЕВИЗОРИ НА МАКЕДОНИЈА

ECIIA

организира **тренинг** за

# FRAUD DETERRENCE AND INCIDENCE RESPONSE

## Одвраќање на измами и одговор кон инциденти

**Клучни Наоди од најновиот Извештај „Report To The Nations 2018“**

**ACFE - Association of Certified Fraud Examiners**



- Организациите губат во просек 5% од годишните приходи поради измама
- Просечната откриена измама се детектира 16 месеци по нејзиното случување
- Измамите носат значителни трошоци со загуби во продуктивноста и угледот
- Дојавите и советите се најважен метод за детекција на измамите (40%)
- 5те клучни „red flags“ со кои се откриваат измамниците се
  **1** животен стил над можности , **2** финансиски потешкотии ,
  **3** невообичаена блиска соработка со купувачи / добавувачи
  **4** фамилијарни проблеми и **5** неподготвеност да споделува должности.

За жал, мора да бидеме свесни и да ја прифатиме веројатноста дека ова можеби веќе се случува кај нас и со нашите деловни активности. Во различни сектори на една организација, може да постојат различни видови на ризици од измама. Најголем дел од организациите прават грешка што реагираат пасивно и корективно кон ризикот од измама, кога е веќе предоцна.

Добра вест се најновите трендови и модели „**DATA MONITORING / ANALYSES**“ и „**SURPRISE AUDITS**“ кои влијаеле на редукција на измамите за побрза детекција (54%) и намалена штета (51%) !

Од суштинско значење за превенција и детекција на измама на вашата организација е стручноста на вашите вработени да можат да препознаат измама и неетичко однесување на колега, и истовремено да бидат подготвени да ги пријавуваат таквите појави и настани навремено и на вистинското место. Преку изградената свест за измама, ризиците, превенцијата и детекција, вработените ќе научат да ја ценат важноста за идентификација и навремено препознавање на “red flags” од измама. На тој начин организациите ќе го подобрат сопствениот капацитет за адекватен одговор кон измамите и останатите евентуални злоупотреби.

Измама може да се случи на многу начини. Оваа практична обука за одвраќање и пријавување на измама ќе ја зајакне вашата свест за битка против измамата, да дознаете точно што да барате во различни области на вашата организација. Научете како се применуваат различни техники на собирање докази кои се практично корисни за откривање на измама. Запознајте се со основите на форензичката истрага и како таа може да се користи при детекција на измама, нарушување на доверба и проневера на пари. Проверете ја детално функционалноста на вашиот контролен радар.

Повеќе за Предавачите



Иван Игњатов

Г-дин Иван Игњатов е доцент на Државниот универзитет "Гоце Делчев" Штип - Економски факултет, доктор по економски науки во областа "Ревизија на Европските фондови - ИПА", овластен државен ревизор, овластен судски вештак, овластен менаџмент консултант и овластен водечки надворешен ревизор за ISO / IEC 27001, ISO 9001 и ISO 37001.

Г-дин Атанас Карајковски, е инспектор во Управата за финансиска полиција во одделението за откривање даночни затајувања измами и перење пари од 2008 година, од 2015 година распореден како истражител во Специјалното јавно обвинителство со работни задачи во делот на финансиските истраги кои опфаќаат перење пари, злоупотреба на службена положба и овластување, даночно затајување, со еден збор откривање и истраги поврзани со високата корупција (white collor crime).

**а** 11ти Октомври 52а/1-3 **м** 075 233 448 **е** contact@aiam.org.mk

The Institute of Internal Auditors

## Тогаш, од каде да почнеме?

## Континуираното подобрување на стручноста е нашата гаранција за успех!

Посебно важно за нашиот иден успех е можноста да учиме од најдобрите.

**Научете ги вашите вработени, супервизори, менаџери и други заинтересирани страни со потребните вештини и стручност за битка против измамата.**

**Да! Ние го нудиме вистинското решение.**

Оваа практична обука за одвраќање на измами ќе ја зајакне Вашата стручност за измамите и нивна детекција, да дознаете точно што да барате во малку поразлична област од секојдневното работење во Вашата организација.

**Специјални Предавачи !**

| | | |
|---|---|---|
| **ИВАН ИГЊАТОВ** | **ОДР, ОСВ, СМС, ISO/IEC Assistant General IPA Auditor** | |
| **АТАНАС КАРАЈКОВСКИ** | **Инспектор / Истражител,** | **Финансиска полиција** |
| Локација | МИТ Универзитет – Скопје | / Плоштад Македонија |
| Датум | Петок 01[ви] Јуни 2018 | / 10:00 AM |

Стандардна котизација ________________________________ 7.000 денари

Котизација за Членови на IIA МК ________________________ 4.000 денари

за Early Bird (до 21[ти] Мај) & за групна пријава следува попуст 1.000 денари

## Препорака! Кој треба да присуствува на оваа обука?

| | | |
|---|---|---|
| Главен Извршен Ревизор | Главен Менаџер за ризици | Офицери за безбедност |
| Внатрешни Ревизори | Сметководители | Менаџери за усогласеност |
| Екстерни Ревизори | Правници | Контролори |




Одвраќање на измами е актуелна и корисна тема, применлива во сите индустрии, организации, банкарски и финансиски сектор, осигурување, јавен сектор и други.

**Дознајте од најдобрите професионалци повеќе за битката против измама !**

| **а** 11ти Октомври 52а/1-3 | **м** 075 233 448 | **е** contact@aiam.org.mk |